Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.05.04 10:55:52 +02'00'

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда м-р Бојан Маричиќ донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-997/2
04-05-2021 20
Скопје/Shkup

**ОДЛУКА**

**за избор во постапка за набавка од мала вредност број 05945/2021**

1. За најповолен понудувач за **набавка на стоки – набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија, се избра:**

**За Дел 1: Друштво за трговија, услуги и производство КМ Марјан ДООЕЛ Експорт Импорт Скопје**

**За Дел 2: Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје**

2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки број 05-270/1 од 26.10.2021 на Министерството за правда, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за **набавка на стоки – набавка на средства за заштита од корона вирус за потребите на вработените во Министерство за правда и подрачните одделенија**.

Министерство за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност за набавка на стоки и согласно член 48 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените 7 (седум) понуди од страна на 7 (седум) економски оператори за Дел 1 и доставените 5 (пет) понуди од страна на 5 (пет) економски оператори за Дел 2, преку ЕСЈН, без спроведување на електронска аукција согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерство за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на стоки објавена со оглас број 05945/2021.

**Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
**Министер за правда**
**м-р Бојан Маричиќ**

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Убавка Матевска, Раководител на сектор